РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12, http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18), а во врска со објавениот Интерен оглас број 01/2026 за унапредување на административни службеници, Градоначалникот на општина Гази Баба ја донесе следната:

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-1231/19
04.03.2026 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

за извршен избор на (1) извршител – кандидат за административен службеник на работното место Помошник раководител на сектор за управни спорови од областа на урбанизам и градежно земјиште, Сектор за урбанизам и градежно земјиште.

1. За извршител на работното место Помошник раководител на сектор за управни спорови од областа на урбанизам и градежно земјиште, Сектор за урбанизам и градежно земјиште се избира кандидатот

**- Васе Јаков -**

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник формирана од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба со Решение бр. 04-1231/13 од 02.03.2026 година спроведе постапка за унапредување на административни службеници по објавениот Интерен оглас бр.01/2026 на веб страната на Општина Гази Баба и веб страната на Агенцијата за администрација согласно член 51 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на изготвениот Записник за административна селекција за интерен оглас со број 04-1231/14 од 03.03.2026 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со број 04-1231/15 од 03.03.2026 година со Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог – одлука за избор на прво рангираниот кандидат Градоначалникот на Општина Гази Баба изврши избор како во Диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Градоначалник**

**Бобан Стефковски**

Изработил: Љубомир Бојанов
Одобрил : Невенка Стаменковска Стојковски